Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk
www.veloschools.mk

**До:** Градинки и Основни училишта на територија на Република Северна Македонија

**Од:** Здружение за заштита и унапредување на животната средина Еко Логик

**Предмет:** Одбележување на Европска недела на мобилност, 16 – 22 Септември 2021

Почитувани претставници на образовни институции,

Здружението за заштита и унапредување на животната средина Еко Логик како и во изминатите години, така и во 2021 година, се вклучува во одбележување на Европската недела на мобилност од 16 до 22 Септември 2021 година која го носи мотото: **„Движете се одржливо, останете здрави!“**. Преку овогодинешното мото се охрабруваат луѓето да одржуваат физичка и ментална кондиција, додека ја истражуваат убавината на нивниот град, регион или земја; да покажат свесност за заштита на животната средина и здравјето на другите, при изборот на нивниот начин на транспорт.

Во нашата земја, според статистички податоци и истражувања, секторот транспорт е одговорен за 21% од вкупните емисии на CO2 во државата. Подигнување на свеста кај сите чинители од локално, регионално и национално ниво како и спроведување на активности за употреба на алтернативен еколошки транспорт, цели кон намалување на емисиите и ублажување на можните последици од истите по животната средина.

**Како можете се вклучите и да ја одбележите Европската недела на мобилност?**

- Промовирајте ги придобивките од Европската недела на мобилност до сите Ваши ученици и нивните родители
- Мотивирајте ги учениците и нивните родители да користат велосипед во секојдневниот живот
- Дискутирајте за значењето на климатските промени, заштитата на животната средина и одржливиот начин на транспорт
- Реализирајте активности од областа на мобилноста, велосипедизмот, климатските промени како и заштитата на животната средина со помош на подготвениот пакет на активности од Еко Логик

*Годинешното одбележување на Европската недела на мобилност традиционално е во рамките на програмските активности на **мрежата Вело Училишта**, а оваа година во рамките на **„Програмата за унапредување на образованието за животна средина и климатски промени“, поддржана од УНИЦЕФ и Шведската Агенција за Меѓународна Соработка (Sida).***

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk
www.veloschools.mk

**Како да реализирате активност?**

Здружението за заштита и унапредување на животната средина Еко Логик за Вас подготви предлог пакет на ресурси преку кои ќе може да ги реализирате активностите

1. **Возење велосипед со учениците**

Можете да го организирате на следниот начин:

- Однапред договорете го датумот и часот на заедничкото возење велосипед со вашите ученици.. Препорачуваме тоа да биде 20.09.2021, датум кога се одбележува „Ден без автомобили“.
- Однапред размислете за најблиската рута која можете да ја поминете возејќи на : велосипедска патека/тротоар/или на улица блиску до тротоар. Рутата која ќе ја поминете со велосипед препорачливо е да биде во близина на вашето училиште.
- Мотивирајте ги учениците тој ден да дојдат со велосипед на училиште. Бројот на ученици кои ќе учествуваат не е ограничен.
- Пред да започнете со возењето препорачуваме да ги реализирате следните активности со вашите ученици:
    - **М-проверка:** https://veloschools.mk/m-proverka/
    - **Рачни сигнали:** https://veloschools.mk/rachni-signali/
    - **Правилно местење на заштитна кацига:** https://veloschools.mk/pravilno-mestenje-na-zashtitna-kaciga/
    - **Сообраќајни знаци:** https://veloschools.mk/soobrakajni-znaci/
    - Започнете да возите и максимално уживајте со вашите ученици
    - Фотографирајте
    - Споделуваме линк за пример на организирано возење велосипед со ученици: https://veloschools.mk/velosipedsko-defile-aerodrom-skopje/

2. **Ликовен и литературен конкурс**

*Годинешното одбележување на Европската недела на мобилност традиционално е во рамките на програмските активности на **мрежата Вело Училишта**, а оваа година во рамките на **„Програмата за унапредување на образованието за животна средина и климатски промени“, поддржана од УНИЦЕФ и Шведската Агенција за Меѓународна Соработка (Sida).***

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk
www.veloschools.mk

- Деталите за конкурсот можете да го најдете на следниот линк:
- https://veloschools.mk/konkursi/literaturen-i-likoven-konkurs-2021/

3. **Велосипедски активности** кои можете да ги организирате со вашите ученици во училница или надвор од училница. Активностите можете да ги најдете на следните линкови:
    - **Активности за во училница:** https://veloschools.mk/tag/aktivnosti-za-vo-ucilnica/
    - **Активности за надвор од училница:** https://veloschools.mk/tag/aktivnosti-za-nadvor-od-ucilnica/
    - Потсетуваме дека активностите се така конципирани да ви овозможат креативност и интеракција со вашите ученици, без разлика дали истите се спроведувани за време на редовните часови, како воннаставна активност или пак на отворено (во природа).

4. **Одбележување на 16.09.2021 - Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка**
    - Со цел да го одбележите денот, во продолжение Ви испраќаме линк од видео кое го креиравме специјално за вас, за да можете едноставно и ефективно да ја реализирате оваа активност со вашите ученици.
    - https://www.youtube.com/watch?v=MnuJe2XBY50&ab_channel=EcoLogic%D0%97%D0%B4%D1%80%D1%83%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D0%BD%D0%B0%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D0%B8

**Како да известите за реализирана активност?**

Со цел подготовка, реализација и промоција на активностите, до Вас во рамките на пакетот со ресурси, Ви доставуваме и темплејти за објава и известување за активности. Сите активности потребно е да се достават на следните меил адреси:

- veloschools.ecologic@gmail.com и alek.ecologic@gmail.com во рамките на подготвените темјлејти, придружени со фотографии и/или видеа

*Годинешното одбележување на Европската недела на мобилност традиционално е во рамките на програмските активности на **мрежата Вело Училишта**, а оваа година во рамките на **„Програмата за унапредување на образованието за животна средина и климатски промени“, поддржана од УНИЦЕФ и Шведската Агенција за Меѓународна Соработка (Sida).***

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk
www.veloschools.mk

- Испратете ни ги фотографиите или видео материјалите по пат на мејл, wetransfer, google drive, dropbox итн.
- Со испраќање на фотографии од официјални претставници на градинката/училиштето, се сложувате со нивно објавување на социјални медиуми
- Извештаите за реализирани активности Ве замолуваме да ни ги испраќате тековно или најдоцна до 27.09.2021 на горенаведените мејл адреси.

* Најавуваме дека за реализираните активности за наставникот/менторот и за училиштето следуваат онлајн сертификати.

Вашите реализирани активности ќе бидат објавени на нашата интерактивна веб платформа: https://veloschools.mk/, и на нашите социјални медиуми: https://www.facebook.com/veloschools.

Со тоа голем број на посетители кои секојдневно не следат, ќе имаат можност да ги погледнат активностите кои се реализирани со вашите ученици и секако да бидат мотивирани за спроведување на што поголем број на активности поврзани со заштита на животната средина, климатски промени, одржлив транспорт, безбедност во сообраќај и многу други.

Сите заедно да го дадеме нашиот мал придонес за заштита на животната средина.

Со задоволство ги очекуваме вашите активности со кои ќе придонесеме кон унапредување на образованието за животна средина и климатски промени во нашата земја.

Со почит

Еко Логик

*Годинешното одбележување на Европската недела на мобилност традиционално е во рамките на програмските активности на **мрежата Вело Училишта**, а оваа година во рамките на **„Програмата за унапредување на образованието за животна средина и климатски промени“, поддржана од УНИЦЕФ и Шведската Агенција за Меѓународна Соработка (Sida).***

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk
www.veloschools.mk

*Годинешното одбележување на Европската недела на мобилност традиционално е во рамките на програмските активности на **мрежата Вело Училишта**, а оваа година во рамките на **„Програмата за унапредување на образованието за животна средина и климатски промени“, поддржана од УНИЦЕФ и Шведската Агенција за Меѓународна Соработка (Sida).***